Врз основа на член 22, 287 и член 417 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), член 17 од Законот за инвестициски фоднови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 150/21 и 288/21) и член 24 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, Собранието на Друштвото на ден 16.12.2025 година го донесе:

# С Т А Т У Т

## НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

( пречистен текст )

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови е акционерско друштво кое врши работи на основање и управување со отворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, како и врши други работи согласно со законот и подзаконските прописи.

***Содржина на Статутот***

**Член 2**

Основачите на друштвот со овој статут во согласност со постојаната регулатива ги уредуваат:

- фирмата и седиштето на друштвото за управување со инвестициски фондови, во натамошен текст: друштвото;
- предметот на работење на друштвото;
- основачи на друштвото;
- основна главнина на друштвото;
- номинална вредност на акциите, број и род на акциите и права и обврски од акциите;
- времетраење на друштвото;
- органи на друштвото;
- начин на вложување на главнината;
- основање и управување со отворени инвестициски фондови;
- останати одредби: информирање на акционери;
- деловна тајна;
- организација и начин на работа;
- општи акти на друштвото и
- завршни одредби

**Член 3**

Друштвото во работењето со својот имот, во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

Друштвото во работењето и управувањето со имотот на отворените инвестициски фондови (во натамошниот текст:фондови), во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови.

Друштвото за своите обврски одговара со целокупниот свој имот.

Акционерите како основачи на Друштвото не одговараат за обврските на Друштвото, ако со закон не е поинаку определено.

**ФИРМА И СЕДИШТЕ**

***Фирма***

**Член 4**

Фирмата на Друштвото гласи: Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД СКОПЈЕ.

Скратениот назив на фирмата гласи: ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје.

Во надворешниот промет и за маркетиншки цели Друштвото ќе настапува под фирма испишана со латинично писмо со следниот назив: WVP FUND MANAGEMENT AD SKOPJE

***Седиште***

**Член 5**

Седиште на Друштвото е на ул.бул. Кочо Рацин бр.3 влез 2 кат 3 и кат 4, Скопје, Центар.

***Заштитен знак, печат и штембил***

**Член 6**

Друштвото има заштитен знак, печат и штембил.

Како заштитен знак Друштвото ќе го користи брендот, односно знакот, на начин и услови поблиску определени со Одлука на Одборот на директори на Друштвото.

Формата, големината и начинот на употреба на печатот и штембилот го определуваат извршните директори на Друштвото.

**ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ**

**Член 7**

Предмет на работењето на Друштвото е основање и управување на отворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови.

**Член 8**

Друштвото врши работи на управување со инвестициски фондови и тоа:

1. управување со имотот на инвестициските фондови;
2. рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови;
3. административни работи кои се однесуваат на:
   - водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;

- воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
- утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
- издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
- водење регистар на сопствениците на удели.
- усогласување на работењето на Друштвото со законите и други прописи;
- објавување и известување на сопствениците на удели;
- распредлеба на добивката на инвестицискиот фонд,;

Друштвото по добиена дозвола за работење од Комисијата за хартии од вредност, може да врши и работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио (во натамошен текст: индивидуален клиент), како и работи на инвестициско советување при вложување во хартии од вредност во согласност со закон.

Друштвото не смее извршувањето на работите од точката 1 на овој член да ги пренесе на трето лице. Друштвото може по исклучок да пренесе извршување на работи од точките 2 и 3 од овој член на трети лица само по претходна согласност од Комисијата за хартии од вредност.

**Член 9**

Друштвото ќе го обавува работењето во согласност со законот и подзаконските прописи, актите на Друштвото, како и актите на инвестициските фондови.
Приоритетна дејност на Друштвото согласно Националната класификација на дејноста е: 66.30 - Дејности на управување со фондови.

## ОСНОВАЧИ НА ДРУШТВОТО

**Член 10**

За акционер на Друштвото се смета секое лице запишано во акционерската книга на друштвото, која се води во електронска форма во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 11**

Акционер на Друштвото може да има квалификувано учество само во едно друштво за управување со фондови во Р.Македонија.
Акционер со квалификувани учество во Друштвото (над 10%, 20%, 30 или 50% од вкупно издадените акции на Друштвото), може да стане лице на начин и под услови предвидени согласно со законските и подзаконските прописи. За секое стекнување на акции со квалификувано учество во Друштвото се прибавува согласност за стекнување квалификувано учество од Комисијата за хартии од вредност, во согласнот со законските и подзаконските прописи.
Секој акционер кој има намера за намалување на акциите и учеството во Друштвото под 20%, 30% или 50%, е должен да ја известува Комисијата за хартии од вредност во рок од 5 работни дена пред реализација на намалувањето на учеството.

## ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

**Член 12**

“Висината на почетниот капитал на Друштвото изнесува 525.000,00 Евра, во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ), а се состои од парични влогови, и тоа:

1. ВФП осигурително брокерско друштво АД Скопје, Загребска 28 Б, локал 19, Скопје, Македонија, 341.250,00 евра;
2. Петар Андреевски, роден на 29.07.1985, Скопје, Македонија, 78.750,00 евра;
3. Артон Лена, роден на 27.09.1984, Кичево, Македонија, 52.500,00 евра;
4. Руперт Стробл, роден на 30.08.1954, Грац, Австрија, 21.000,00 евра ;
5. Сузана Ѓукиќ, родена на 01.02.1962, Скопје, Македонија, 15.750,00 евра;
6. Блаже Петрески, роден на 27.11.1973, Скопје, Македонија, 15.750,00 евра;.”

**Член 13**

Поединечните влогови на акционерите на Друштвото се парични влогови и ја уплаќаат во целост пред поднесување на барањето до Комисијата за хартии од вредност за добивање на одобрение за основање на друштвото.

**Член 14**

Друштвото ги одржува почетниот капитал и сопствените средства во износ и на начин предвиден во согласност со законските и подзаконските прописи.

**Член 15**

Имотот на Друштвото се води и прикажува одвоено од имотот на инвестициските фондови со кои управува.

Обврските на Друштвото не можат да се намируваат од средствата на отворените инвестициски фондови.

**Член 16**

Друштвото може да ја зголемува или намалува основната главнина во согласност со законските и подзаконските прописи.

## НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ НА АКЦИИТЕ, БРОЈ И РОД НА АКЦИИТЕ И ПРАВА И ОБВРСКИ ОД АКЦИИТЕ

***Номинална вредност и број на акции по род и класа***

**Член 17**

“Основната главнина на Друштвото во висина од 525.000,00 Евра е поделена на 525.000,00 обични акции, со номинална вредност од 1 Евра по акција, во денарска противвредност според среден курс на НБРМ, со право на по еден глас во собранието на Друштвото, и тоа:

1. ВФП осигурително брокерско друштво АД Скопје, Загребска 28 Б, локал 19, Скопје, Македонија, 341.250 обични акции што претставува 65 % од основната главина;
2. Петар Андреевски, роден на 29.07.1985, Скопје, Македонија, 78.750 обични акции што претставува 15 % од основната главина;

3. Артон Лена, роден на 27.09.1984, Кичево, Македонија, 52.500 обични акции што претставува 10 % од основната главина;
4. Руперт Стробл, роден на 30.08.1954, Грац, Австрија, 21.000 обични акции што претставува 4 % од основната главина;
5. Сузана Ѓукиќ, родена на 01.02.1962, Скопје, Македонија, 15.750 обични акции што претставува 3 % од основната главина;
6. Блаже Петрески, роден на 27.11.1973, Скопје, Македонија, 15.750 обични акции што претставува 3 % од основната главина;.";

***Книга на акции (акционерска книга)***

**Член 18**

Акциите се запишуваат во книга на акции на Друштвото која што се води во електронска форма во Централниот депозитар за хартии од вредност.

***Права на сопствениците на акциите***

**Член 19**

Сопствениците на обични акции во Друштвото имаат:

- право на глас во собранието,
- право на исплата на дел од добивка (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

Сопственик на обични акции на Друштвото нема право на глас и дивиденда ако во определени законски случаи му се одземани тие права од страна на Комисијата за хартии од вредност.

**Зголемување на основна главина**

**Член 20**

Одлука за зголемување на основната главина донесува Собранието на Друштвото.

Одлуката за зголемување на основната главнина се донесува со две третини од акциите претставени на Собранието на Друштвото.

**Намалување на основна главина**

**Член 21**

Намалување на основната главнина се врши со одлука на Собранието на Друштвото, при што со истата не може да се врши намалување на основната главнина под минимумот определен со закон.

Одлуката за намалување на основната главнина се донесува со две третини од акциите претставени на Собранието на Друштвото.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 22**

Друштвото се основа за обавување дејност основање и управување со отворени инвестициски фондови, како и други работи согласно со законот и подзаконските прописи, на неопределено време.

## ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

***СОБРАНИЕ***

**Член 23**

Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието.

Секој акционер запишан во акционерската книга има право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со закон и овој Статут не е поинаку определено.

Секоја обична акција дава право на еден глас во Собранието.

***Надлежност на Собранието***

**Член 24**

Собранието одлучува за прашања изрично определени со законот и овој статут, а особено за:

1. донесување нов статут и измени на статутот;
2. одобрување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на друштвото во претходната година и одлучување за распределба на добивката;
3. одобрување на годишни ревидирани финансиски извештаи за работата на отворените инвестициски фондови со кои управува;
4. избор и отповикување на членовите на одборот на директори;
5. одобрување на работата и на водењето на работата на друштвото, од страна на членовите на одборот на директори;
6. промена на правата врзани за акциите;
7. зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
8. издавање на хартии од вредност;
9. назначување овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и на финансиски извештаи на друштвото и на финансиските извештаи на отворените инвестициски фондови со кои управува;
10. за статусни промени на Друштвото;
11. за престанување на Друштвото и
12. други прашања предвидени со законските прописи и овој Статут
13. донесува одлуки за склучување на договори за задолжување, за стекнување и отуѓување на недвижности.

***Свикување и одржување на собранието***

**Член 25**

Годишното собрание го свикува Одборот на директори најдоцна три месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работа на друштвото во предходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година.

Доколку Одборот на директори не го свика собранието на акционери навреме, тоа можат да го стори акционер согласно со закон.

**Член 26**

Седница на Собранието може да се свика и кога тоа го бараат интересите на Друштвото и на акционерите.

Одборот на директори може, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесе одлука за свикување на Собранието, со мнозинство гласови од своите членови.

**Член 27**

Собранието се свикува со покана или со објавување јавен повик, или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.

Начинот на свикување на Собранието поблиску се определува со одлуката за свикување на собранието од страна на Одборот на директори.

Поканата за учество во работата на Собранието се испраќа според изводот од акционерската книга не постар од три дена од денот на ипраќањето на поканата. Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер. Јавниот повик се објавува во најмалку еден дневен весник. Поканата, односно јавниот повик содржи податоци предвидени согласно со законот и одлуката за свикување на собранието.

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на одржување на Собранието, не може да биде пократок од 30 дена.

**Член 28**

Материјалите кои ќе бидат предмет на разгледување и одлучување на седницата на Собранието ќе бидат достапни од денот на испраќањето на поканата, односно од денот на објавувањето на јавниот повик, на начин кој ќе биде определен со одлуката за свикување на собранието.

**Член 29**

Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа и за прашања кои не се ставени на дневен ред, без право на одлучување.

**Член 30**

Акционер кој има намера да учествува во работата на Собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието, односно да се евидентира во списокот на пријавени акционери.

**Член 31**

Акционер може, со писмено полномошно заверено кај нотар, да овласти свој полномошник за учество во работата на Собранието.

**Член 32**

Собранието може да работи, односно има кворум за работа, ако на седницата присуствуваат акционери кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени, односно присутни на Собранието, освен ако со закон и овој статут не е определено поголемо мнозинство.

Друштвото може да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција пред денот на одржување на собранието. Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и

без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Друштвото има воспоставено систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите. Гласањето со кореспонденција кое е извршено спротивно на одредбите од овој член е ништовно

**Член 33**

Собранието, за секоја седница посебно, избира претседавач кој претседава со седницата на Собранието.

За претседавач може да биде избран акционер или лице кое што застапува акционер.

Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата, а може да утврди и правила за водење на седницата на Собранието.

**Член 34**

Одлуките донесени на Собранието по правило влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со одлуката, во зависност од природата, се утврди друг датум.

**Член 35**

За работата на Собранието се води записик, кој го потпишува записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник кои ги избира Собранието.

За работа на Собранието на Друштвото се води записник кој содржи податоци за:

1. фирмата и седиштето на Друштвото;
2. времето и местото на одржувањето на Собранието на Друштвото;
3. името на претседавачот на Собранието, името на записничарот и имињата на бројачите на гласови, ако се именуваат;
4. дневениот ред на собранието,
5. одлуките, бројот на гласови за и против и бројот на воздржаните Гласови;
6. бројот на присутните акционери одсносно полномошниците на акционери и кворумот за работа
7. значајните настани на собранието како и поднесените предлози;
8. оградувањата,односно противењата на акционер,одборот на директори против некоја одлука ако е изјавено оградување односно противење.

Записникот го води записничар, со фаќање на белешки, а најкасно во рок од осум дена истиот се изготвува.

Записникот го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го оверуваат заверувачи на записникот.

Записникот по потпишувањето од овластените потписници, заедно со писмено изготвените одлуки, заклучоци и други акти, се доставуваат до лицата задолжени за извршување, а еден примерок се доставува и чува во Архивата.

Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

Ако Собранието одлучува за прашања што се запишуваат во трговскиот регистар, записникот го води овластен нотар, при што записникот го потпишува нотарот и претседавачот на Собранието.

***ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ***

**Член 36**

Управувањето на Друштвото е организирано според едностепен систем на управување.

Со Друштвото управува Одборот на директори, кој се состои од седум члена, од кои четири члена се неизвршни, а три члена се извршни членови - извршни директори.

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото, со мнозинство гласови од акциите со право на глас, од кворумот определен за работа на Собранието.

**Член 37**

За членови на Одборот на директори можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни и кои исполнуваат услови согласно со законските прописи.

**Член 38**

Одборот на директори од редот на своите членови, со мнозинство гласови, назначува три извршни директори на Друштвото, кои исполнуваат услови согласно со законските и подзаконските прописи, од кои еден член е со назив Главен извршен директор, а другите членови се со назив Извршен директор на Друштвото.

За назначувањето на Извршните директори потребно е да се добие согласност од Комисија за хартии од вредност.

**Член 39**

Мандатот на членовите на Одборот на директори изнесува 5 години, со право на реизбор.

По истекот на мандатот, членовите на Одборот на директори продолжуваат да ги исполнуваат своите обврски до изборот на новиот состав на Одборот на директори на Друштвото.

**Член 40**

Одборот на директори управува со Друштвото, во рамките на овластувањата што само изрично му се дадени од Собранието, во рамките на предметот на работење и дејствување во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањето што се изрично дадени во надлежност на Неизвршните членви.

Одборот на директори во рамките на овластувањата од претходниот став, ги врши следните работи:

1. ја утврдува и води деловната политика;
2. организира отворени инвестициски фондови, односно донесува статути и проспекти на отворените фондови, одлучува за припојување, како и за ликвидација на отворените фондови;
3. одлучува за склучување Договор со депозитарна банка;
4. предлага општи акти кои се во надлежност на собранието;
5. ги спроведува одлуките и другите акти донесени од собранието;
6. донесува други општи акти на друштвото, освен статутот;
7. на предлог на извршните директори ја утврдува организацијата на работење на друштвото, организационите промени, условите за работа и потребата од вработени;

8. формира комисии за извршување определени задачи;
9. го усвојува извештајот за попис на основни средства;
10. одлучува за приговори на вработени во втор степен;
11. одлучува за други прашања утврдени со закон и овој статут.

**Член 41**

Одборот на директори не може да ги пренесе овластувањата на Извршните директори кога се одлучува за:

1. затварање (престанување) или пренос на друштвото;
2. намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;
3. суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
4. воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;
5. основање и престанок на подружници на друштвото;
6. основање и престанок на друго трговско друштво;
7. донесување на планови и програми за работа;
8. одлучување за купување и оттуѓување на недвижности на друштвот;
9. донесување на општи акти чие што донесување не е во надлежност на Извршните членови на Одбоот на директори;
10. одлуки за економски, технолошки и организационен вишок на работниците.

**Неизвршни членови на Одборот на директори**

**Член 42**

Неизвршните директори ги именува Собранието на Друштвото, со мандат од пет години со право на повторен избор.

Неизвршните членови покрај овластувањата што со закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните директори, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на Друштвото како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока.

**Член 43**

Неизвршните членови за вршење на одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во Друштвото или друго стручно лице.

Во вршењето надзор, претседателот на Одборот на директори или кој било неизвршен член, овластуваат ревизор или други лица или акционери кои претставуваат најмалку една десетина од акциите со право на глас, можат да бараат свикување на состанок на Одборт на директори. Барањето се доставува до Претседателот на Одборот на директори.

**Член 44**

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во кое било време до органот што го избрал, со писмено известување заверено кај нотар.

По дадената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање, а притоа членот се обврзува да ја извршува функцијата до избор на нов член, но не подолго од 60 дена.

**Член 45**

Одборот на директори од редот на неизвршните членови, со мнозинсто гласови од вкупниот број на членови на Одборот, избира претседател на Одборот на директори.

Претседателот на Одборот ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водење евиденција за состаноците, организирање и начин на работа и одлучување на Одборот на директори.

**Член 46**

Одборот на директори може да работи и одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови на одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на одборот на директори.

Одборот на директори донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Одборот.

Гласот на Претседателот на Одборот е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одлуките на Одборот на директори влегуваат во сила од денот на нивното донесување ако со закон не е поинаку определено.

**Член 47**

Одборот на директори работи и одлучува на состаноци кои се одржуваат кога тоа го налагаат потребите за извршување на работите во рамките на неговите надлежности, а најмалку четири пати во текот на годината, на секои 3 месеци, при што еден состанок мора да биде одржан еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

За работата на состаноците на Одборот на директори се водат записници.

Членовите на Одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска, интернет или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема.

**Извршни членови на Одборот на директори**

**Член 48**

Извршните членови на Одборот на директори се избираат од страна на Одборот на директори со мнозинство гласови, со мандат од пет години со право на повторен избор.

Со назначување на Извршните директори потребно е да се добие согласнот од Комисијата за хартии од вредност за нивната дозвола за работење во Друштвото.

Извршните директори имаат овластувања во рамки на работење на друштвото во спроведувањето на законските прописи кои произлегуваат од Законот за Инвестициски фондови и подзаконските акти донесени врз база на тој закон. Извршните директори го водат работењето и застапувањето на Друштвото во односи со трети лица за договори чија вредност е до 3.080.000,00 денари (три милиони и осумдесет илјади денари), а за договори со вредност поголема од таа сума потребна е претходна добиена писмена согласност на претседателот на Одборот на директори и потпис од уште еден извршен директор. Ова ограничување

не се однесува на работењето и комуникацијата со Комисијата за хартии од вредност и располагањето со средствата од клиентите во фондовите за да би можеле да се остварат и извршат дејствијата во согласност со Законот за Инвестициски фондови и подзаконски прописи.

**Член 49**

Извршните членови на Одборот најмалку еднаш во три месеци им поднесуваат на неизвршните директори писмен извештај за работењето на Друштвото.

**Член 50**

Извршните членови на Одборот по истекот на деловната година, согласно со Законот, го поднесуваат до неизвршните директори нацртите на годишните сметки и годишниот извештај за работењето на Друштвото.

На барање на Неизвршните директори, Извршните членови на Одборот се должни да подготват посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некои определени аспекти од нејговото работење.

Неизвршните директори се овластени самите или преку други лица да превземат дејствија заради стекнување увид во работењето на Друштвото и упраувањето со него од страна на Извршните членови на Одборот.

Извршните челнови на Одборот може во било кое време да бидат разрешени од страна на Неизвршните директори со мнозинство гласови, ако работат спротивно на Статутот и Договорот за вработување.

**Член 51**

*Главен Извршен директор*

Главниот извршен директор на Друштвото има овластувања да ги врши следните функции:

1. раководи и ја организира работата на друштвото;
2. е одговорен за управување со инвестициските фондови;
3. има овластувања во рамки на работењето на друштвото во спроведувањето на законските прописи кои произлегуваат од Законот за Инвестициски фондови и подзаконските акти донесени врз база на тој закон.

   Извршниот директор го води работењето и застапувањето на Друштвото во одnsи со трети лица за договори чија вредност е до 3.080.000,00 денари (три милиони и осумдесет илјади денари), а за договори со вредност поголема од таа сума потребна е претходна добиена писмена согласност на претседателот на Одборот на директори и потпис од уште еден извршен директор. Ова ограничување не се однесува на работењето и комуникацијата со Комисијата за хартии од вредност и располагањето со средствата од клиентите во фондовите за да би можеле да се остварат и извршат дејствијата во согласност со Законот за Инвестициски фондови и подзаконски прописи.
4. го застапува и преставува друштвото во односите со Комисијата за хартии од вредност,
5. ги предлага основите на деловната политика и организација на работењето на друштвото, како и ги предлага статутите и проспектите на отворените инвестициски фондови, ги кординира секојдневните активности во работењето на друштвото ;
6. е одговорен по прашања за вработените и односите со нив, со претходна добиена писмена согласност и потпис од уште еден извршен директор.

7. ги извршува одлуките на собранието и на одборот на директори
8. врши и други работи во согласност со Законот и Статутот на друштвото.

*Извршни директори*

Извршните директори на Друштвото имаат овластувања да:

1. раководат и ја организираат работата на друштвото;
2. се одговорни за управување со инвестициските фондови;
3. имаат овластувања во рамки на работење на друштвото во спроведувањето на законските прописи кои произлегуваат од Законот за Инвестициски фондови и подзаконските акти донесени врз база на тој закон.

Извршните директори го водат работењето и застапувањето на Друштвото во односи со трети лица за договори чија вредност е до 3.080.000,00 денари (три милиони и осумдесет илјади денари), а за договори со вредност поголема од таа сума потребна е претходна добиена писмена согласност на претседателот на Одборот на директори и потпис на уште еден извршен директор. Ова ограничување не се однесува на работењето и комуникацијата со Комисијата за хартии од вредност и располагањето со средствата од клиентите во фондовите за да би можеле да се остварат и извршат дејствијата во согласност со Законот за Инвестициски фондови и подзаконски прописи.

4. го застапуваат и преставуваат друштвото во односите со Комисијата за хартии од вредност,
5. ги предлагаат основите на деловната политика и организација на работењето на друштвото, како и ги предлагаат статутите и проспектите на отворените инвестициски фондови, ги кординираат секојдневните активности во работењето на друштвото ;
6. се одговорни по прашања за вработените и односите со нив, со претходна добиена писмена согласност и потпис на Главниот извршен директор.
7. ги извршуваат одлуките на собранието и на одборот на директори
8. вршат и други работи во согласност со Законот и Статутот на друштвото.

**Член 52**

Извршните членови, односно извршните директори на Друштвото не можат да ги пренесуваат правата на застапување и преставување на друштвото на трети лица.

**Член 53**

Правата и обврските на извршните директори можат поблиску да бидат определени со договор за уредување на односите. Во име на друштвото договорот го склучуваат и потпишуваат најмалку двајца Неизвршни членови на Одборот.

**Член 54**

Договорите за работа помеѓу Друштвото и Извршните директори ги потпишува Претседателот на Одборот на директори.

Сите парични трансакции за средствата на Друштвото ќе се склучуваат со колективен потпис (врзан потпис) на двајца од тројцата извршни директори. Колективните потписи (врзаните потписи) ќе се заведат и во потписните картони на секоја банка каде Друштвото има сметки. Колективниот потпис (врзаниот потпис) ќе се однесува исклучиво само за сметките на Друштвото, односно колективен потпис (врзан потпис) нема да биде потребен кога се работи за трансакции поврзани со работењето за сметка на отворените инвестициски фондови со кои управува Друштвото. Лицата кои ќе бидат поврзани со колективен потпис ќе бидат назначени со Одлука на Одборот на директори.

*Забрана на конкуренција*

**Член 55**

Член на Одборот на директори не може да биде член на орган на управување или вработено лице во друго друштво за управување со фондови или поврзано лице со тие лица, не може да биде член на орган на управување или вработено лице во организациона единица на банка која ги врши активностите на депозитарна банка или поврзано лице со тие лица, не може да биде финкционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа.

## НАЧИН НА ВЛОЖУВАЊЕ НА ГЛАВНИНАТА

**Член 56**

Друштвото може главнината, над законски определената минимална главнина за одржување, да ја вложува на начин кој што го определува Одборот на директори на Друштвото.

## ОСНОВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Член 57**

Друштвото основа отворени инвестициски фондови со здружување парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и/или правни лица, преку јавен повик, со кои за сметка на инвеститорите управува, применувајќи го принципот на диверзификација на ризикот.
Друштвото за организирање на секој отворен фонд донесува статут, изготвува проспект и скратен проспект на фондот и склучува договор со депозитарна банка во согласност со закон.

Друштвото поднесува барање до Комисијата за хартии од вредност за одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд и запишување на истиот во Регистарот на фондови, барање за одобување на статут на фондот, барање за одобрување на проспект и скратен проспект, како барање за согласност на избор на депозитарна банка, во согласност со законските и подзаконските прописи.

Друштвото може да започне со прибирање на парични средства преку јавен повик за запишување на удели по добивање на одобрението за организирање на фондот од Комисијата за хартии од вредност, како и по добивање одобренија на статутот, на проспектот и скратениот проспект, како и согласноста на изборот на депозитарна банка.

**Член 58**

Друштвото е должно при извршување на активностите на управување со имотот на отворените инвестициски фондови да ги извршува совесно, чесно, да ги исполнува навремено и целосно сите права и обврски предвидени со законот, подзаконските прописи, статутите и проспектите на фондовите.

**Член 59**

Друштвото е должно при извршување на активностите да се придржува на ограничувањата и забраните на определени дејства и судир на интереси, предвидени согласно со законот и подзаконските прописи.

Друштвото е одговорно за вршење на дејноста на управување со фондовите во согласност со законските прописи, статутот и проспектот на фондовите.

Друштвото одговара за штетата причинета на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондовите, за делување спротивно на одредбите на законските прописи, статутите и проспектите на фондовите.

Друштвото одговара со целокупниот свој имот за правните работи склучени во свое име и за сметка на отворените инвестициски фондовите

**Член 60**

Друштвото избира депозитарна банка, која ги чува средствата на инвестицискиот фонд, го контролира располагањето на средствата на фондот дали се врши во согласност со законот и статутот на фондот, како и извршува други работи во согласност со законските и подазаконските прописи.
За изборот на депозитарната банка и секоја промена на договорот со депозитарната банка се прибавува одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

**Член 61**

Друштвото и депозитарната банка дејствуваат самостојно и независно и единствено во интерес на вложувачите во инвестицискиот фонд.

**Член 62**

Друштвото за вршење на работите на управување со имото на отворенит фонд наплатува надоместок за управувањето на товар на имотот на отворениот инвестициски фонд, на начин и во рамки утврдени во законот и статутот на фондот.

**ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ**

***Информирање на акционери***

**Член 63**

Заради остварување на своите права акционерите на Друштвото имаат право да бидат информирани за работењето на друштвото и право на увид во книгите, актите и другите документи на друштвото.

Акционерите на Друштвото имаат право да бараат копии од актите и документите на друштвото, кои се предмет на разгледување и одлучување на собранието, без надоместок.

**Член 64**

Правото на информирање за записниците и одлуките на Одборот на директори акционерите ги остваруваат преку неизвршните членови на Одборот на директори.

Акционерот кој бара увид, мора претходно да го информира Друштвото три дена пред денот за бараниот увид и увидот ќе може да го изврши во деловните простории на Друштвото

Акционерот ќе ги плати трошоците за бараните копии, кои што не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, овој Статут и со друг акт на Друштвото, или ако тие веќе се јавно објавени.

Доколку акционерот објави или на некој друг начин злоупотреби информација и со тоа свое дејство и причини штета на Друштвото му одговара на Друштвото за причинетата штета.
Акционерите на Друштвото се известуваат за работењето на Друштвото преку електронска пошта и другите форми на информирање согласно со закон.

**Член 65**

Со акт на Одборот на директори се определува начинот, формата и содржината на податоците и актите што се објавуваат а се значајни за акционерите и Друштвото, во согласност со законските прописи.

***Деловна тајна***

**Член 66**

Под деловна тајна се сметаат податоците, информациите, документите и програмската опрема чие соопштување на неовластено лице, поради нивниот карактер и значење е спротивно на интересите на отворениот фонд и друштвото кое управува со него.

Под деловна тајна покрај горенаведените се сметаат и податоците, информациите и исправите кои согласно законските и подзаконските прописи се прагласени за деловна и друг вид тајна.

**Член 67**

Друштвото во работењето се грижи за обезбедување на деловната тајна на Друштвото и спречува секаков неовластен проток на податоци, документи и информации, во и надвор од Друштвото.

Податоците за сопствениците на документи за удели, како и податоците за уплатите и исплатите, се чуваат како деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог, на барање на одделен сопственик на удел, како и на барање на депозитарната банка.

Основачите на Друштвото, членовите на Одборот на директори, вработените или лицата кои за друштвото вршат постојани или повремени работи се должни да ја чуваат тајноста за работата на Друштвото.

Обврската за чување на деловната тајна останува и по престанокот на функцијата или работната ангажираност во Друштвото.

Одборот на директори донесува Правилник за чување и обезбедување на деловната тајна, со кој се уредува обезбедувањето на деловната тајна и одговорноста на лицата за оддавање на деловна тајна.

***Организација и начин на работа***

**Член 68**

Друштвото за извршување на своите активности обезбедува соодветна организациона, техничка и кадровска оспособеност, во согласност со законските и подзаконските прописи.

**Член 69**

Организационата поставеност во Друштвото обезбедува стручно, трнспарентно, ефикасно, континуирано и законско извршување на активностите. Организационата поставеност се уредува со посебен Правилник за организација и систематизација, којшто го донесува Одборот на директори.

***Општи акти на друштвото***

**Член 70**

Статутот е општ акт на Друштвото, уреден во согласност со законските прописи, кој го донесува Собранието.

**Член 71**

Други општи акти на Друштвото се:

- Правилник за работење со странки;
- Правилник за деловна тајна;
- Правилник за организација и систематизација;
- Правилник за регулирање на начинот и постапката на вработените во друштвото кога купуваат и продаваат хартии од вредност во свое име и за своја сметка;
- Кодекс на етичко однесување во работењето и
- други акти согласно со законските прописи и овој статут.

***Начин на престанување на друштвото***

**Член 72**

Друштвото престанува со работа со:

- одлука на Собранието за престанување;
- одземање на дозвола за работа;
- спроведување на стечајна или ликвидациона постапка и
- други случаи предвидени со законските прописи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 73**

Друштвото се основа симултано, така што основачите со потпишување на статутот ги презема сите акции, како и обврската за уплата на акциите.

**Член 74**

За се што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за инвестициски фондови и другите законски и подзаконски прописи.

**Член 75**

Основачите за членови на Одбор на директори ги назначуваат:

1. Маг. Руперт Стробл, со место на живеење во Грац, Австрија, бр. на пасош П7357582 (P7357582), државјанин на Република Австрија;

2. Андријана Поповска, со место на живеење во Скопје, со број на лична карта број на лична карта А233316 и ЕМБГ 0511993415000, државјанин на Република Северна Македонија;

3. Петар Анреевски со место на живеење во Скопје, ЕМБГ 2907895420028 и л.к. бр. А0723133, државјанин на Република Македонија

4. Блаже Петрески - со место на живеење во Скопје, ЕМБГ 27119734500086 и л.к. бр. А1015383

5. Маг. Б.Сајбл со место на живењее во Грац, Австрија, број на пасош П7357582 (Р 735782), државјанин на Република Австрија

Претседател на Одборот на директори, се назначува Маг. Руперт Стробл, со место на живеење во Грац, Австрија, бр. на пасош П7357582 (Р7357582), државјанин на Република Австрија;

Главен Извршен Директор се назначува, Петар Анреевски со место на живеење во Скопје, ЕМБГ 2907895420028 и л.к. бр. А0723133, државјанин на Република Македонија

Извршен Директор се назначува, Андријана Поповска, со место на живеење во Скопје, со број на лична карта број на лична карта А233316 и ЕМБГ 0511993415000, државјанин на Република Северна Македонија;

Членот Блаже Петрески - со место на живеење во Скопје, ЕМБГ 27119734500086 и л.к. бр. А1015383, се назначува неизвршен член.

Членот Маг. В.Сајбл со место на живењее во Грац, Австрија, број на пасош П7357582 (Р 735782), државјанин на Република Австрија се назначува како независен член.

Првите членови на одборот на директори се назначуваат најдолго за време до одржување на првото годишно собрание.

**Член 76**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на добивање согласност на истиот од Комисијата за хартии од вредност, односно од денот на уписот во Централниот регистар, Трговскиот регистар.

Основачи на Друштвото:

1. ВФП осигурително брокерско друштво АД Скопје, ЕМБС 6008135, седиште ул. Загребска 28 Б, локал 19, Скопје, Македонија;

   - Маг. Руперт Стробл

   - Блаже Петрески

   - Сузана Ѓукиќ

2. Петар Андреевски, ЕМБГ 2907985420028, број на л.к. А0723133, Скопје, место на живеење Фредерик Шопен 9/1-4 1000 Скопје, Македонија од Р. Македонија;

3. Артон Лена, ЕМБГ 2709984450075, број на л.к. G0159423, место на живеење с. Арангел, Кичево, Македонија од Р. Малкедонија;

4. Руперт Стробл, број на пасош П7357582, место на живеење Марктгассе 3А, Грац, Австрија, од Р. Австрија;

5. Сузана Ѓукиќ, ЕМБГ 0102962455147, број на л.к. А0346818, место на живеење ул. Белградска бр. 26, Скопје, Македонија од Р. Македонија;

6. Блаже Петрески, ЕМБГ27119734500086, број на л.к. А1015383, место на живеење бул. В. Смилевски Бато бр. 61/2-12, Скопје, Македонија од Р. Македонија;

Претседавач
на собрание на акционери
на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје

Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови
ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

арх.бр. 0201-26/6 од 16.12.2025 година